# З А П И С Н И К

**од триесет и осмиот состанок**

Триесет и осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 30.12.2025 година во 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесет и осмиот состанок на Комисијата на АЕК во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од триесет и седмиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Носење одлука за избор на кандидат по јавниот конкурс за именување на директор на Агенција за електронски комуникации
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесет и осмиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3 , Комисијата пристапи кон гласање. Комисијата гласаше воздржано за кандидатот со кој беше извршено интервју. Комисијата едногласно донесе одлука за неизбор на директор на Агенција за електронски комуникации. Поради ова, постапката за избор на директор ќе се повтори.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Наш број 1102-61/2

Скопје 30.12.2025 година